## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА *ФОНДАЦИЈА ПЕКСИМ СКОПЈЕ* ЗА 2010 ГОДИНА

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Фондацијата ПЕКСИМ Скопје е основана на 11.06.2010 година, во Скопје, како Непрофитна организација за стипендирање на студенти и подршка на научно-истражувачки активности Фондација ПЕКСИМ Скопје, со Решение од Централниот регистар на Република Македонија бр. 30120100031492, со седиште на ул. "Народен Фронт" бр. 17, Скопје.

Фондацијата ПЕКСИМ Скопје е основана од единствениот Основач Г-дин Михаил Петрески, државјанин на Република Македонија. Имотната маса со која е основана Фондацијата е обезбедена од единствениот Основач на Фондацијата.

Фондацијата ПЕКСИМ Скопје ги има следните органи и тела на управување:

- Одбор – се состои од 5 (пет) членови
- Директор, и
- Надзорен Одбор – се состои од 3 (три) члена.

Основни цели на Фондацијата според Статутот и Програмата на Фондацијата се:

- Подобрување на квалитетот на образованието на млади талентирани студенти од Р. Македонија и Р. Србија.
- Подигнување на квалитетот на научно-истражувачките активности на институциите во Р. Македонија и Р. Србија.
- Постигнување на потребните стандарди за поефикасно интегрирање на Р. Македонија и Р. Србија во Европската Унија.
- Економско напредување и подигање на конкурентноста на Р. Македонија и Р. Србија.

Целите на Фондацијата ќе се реализираат преку следните активности:

- Стипендирање на талентирани студенти од Р. Македонија и Р. Србија на Универзитетот Кембриџ од Велика Британија, како и на други реномирани светски образовни институции.
- Поддршка во финансирањето на заеднички научно-истражувачки проекти, договорени од страна на научно-истражувачки и образовни институции од Р. Македонија и Р. Србија со Универзитетот Кембриџ, како и со други меѓународни научно-истражувачки и образовни институции.

- Соработка со Владите на Р. Македонија и Р. Србија за вработување на дипломираните студенти на Универзитетот Кембриџ во стопанството и институциите во Р. Македонија и Р. Србија, како и нивно директно вклучување во активностите за унапредување на економскиот и општествениот развој.
- Соработка со други сродни фондации, институции и донатори во земјата и странство за обезбедување на финансиски и други материјални услови за реализација на програмските цели и активности на Фондацијата.

## 2. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

За 2010 година Фондацијата го оствари следниот финансиски резултат (во денари):

| **ПРИХОДИ** | **2010** |
|---|---|
| имотна маса на Фондацијата | 1.845.000,00 |
| приходи од донации | 550.000,00 |
| приходи од камати | 1.763,00 |
| **Вкупно приходи** | **2.396.763,00** |

| **РАСХОДИ** | |
|---|---|
| донации на физички лица (стипендии) | 2.179.500,00 |
| персонален данок за спитендии | 151.515,00 |
| оперативни трошоци | 31.505,50 |
| финансиски трошоци | 7.707,00 |
| **Вкупно расходи** | **2.370.227,50** |

| **Остварен вишок на приходи** | **26.535,50** |
|---|---|

Скопје, април 2011

Директор

Фондација ПЕКСИМ Скопје

Непрофитна организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности
Фондација
ПЕКСИМ
Скопје